**20081031951**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за основното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 август 2008 година.

Бр. 07-3352/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува задолжителното основно образование што се остварува во основните училишта (во натамошниот текст: основно училиште), како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем.

Член 2

(1) Секое дете има право на основно образование.

(2) Се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование, утврдени со овој закон.

Член 3

Целите на основното воспитание и образование се:

- стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование,
- хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности,
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо,
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик,

- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки,

- воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,

- развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет,

- воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции,

- усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции,

- развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми,

- вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби, -

развивање на надареноста на учениците во различни области и

- унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Член 4

Основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

Член 5

Родителот, односно старателот на ученикот (во натамошниот текст: родителот) е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

Член 6

За учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта и имаат право и на индивидуална помош за стекнување на основното образование и воспитание.

Член 7

(1) За децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство се организира настава за учење на македонскиот јазик и култура, а за припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик и на мајчиниот јазик, во согласност со меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

(2) На децата на граѓаните на Република Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Македонија каде што го започнуваат, односно продолжуваат основното образование, основните училишта се должни да им помогнат во изучувањето на мајчиниот јазик.

(3) Заради успешно вклучување во воспитно-образовниот процес на учениците од ставот (2) на овој член, основното училиште во коешто е запишан ученикот организира индивидуална и групна дополнителна настава за совладување на мајчиниот јазик и за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети.

(4) Наставата за учениците од ставот (1) на овој член се изведува според наставен план и програма што ја изготвува Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото), а ја утврдува министерот надлежен за образование (во натамошниот текст: министерот).

(5) Наставата за учениците од ставот (2) на овој член трае најмногу една година и се изведува според програма што ја изготвува Бирото, а ја утврдува министерот.

(6) Начинот и постапката за избор на наставниците кои ги остваруваат наставниот план и програма од ставот (4) на овој закон ги утврдува министерот.

Член 8

(1) Деца со странско државјанство или деца без државјанство, кои престојуваат во Република Македонија имаат право на основно образование под еднакви услови како децата државјани на Република Македонија.

(2) За децата од ставот (1) на овој член се организира настава по мајчин јазик, во согласност со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

(3) Деца државјани на државите членки на Европската унија имаат право на основно образование под еднакви услови како и децата државјани на Република Македонија.

(4) Деца државјани на државите членки на Европската унија чии родители се со престој во Република Македонија каде вршат или вршеле самостојна дејност, односно кои се вработени или биле вработени на територијата на Република Македонија, имаат право на стекнување на знаење од мајчиниот јазик и култура на државата од којашто потекнуваат.

(5) Министерството е должно, во соработка со основачот на училиштето и државата од којашто потекнува ученикот од ставот (3) на овој член, а во согласност со можностите, да даде поддршка за стекнување на знаење од мајчин јазик и култура на државата од која потекнува ученикот.

Член 9

(1) Воспитно-образовната работа во основното училиште се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница, на начин утврден со овој закон.

(3) Учениците од ставот (2) на овој член задолжително го изучуваат и македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Член 10

(1) Основното образование се организира и остварува во основно училиште.

(2) Основно образование се организира и остварува и во здравствени установи, социјални установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, согласно со овој закон.

(3) Основното образование за учениците со посебни образовни потреби се организира и остварува во посебни основни училишта и во посебни паралелки при редовните основни училишта.

Член 11

Во основното училиште се забранува политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

Член 12

(1) Дејноста на основното училиште е од јавен интерес.

(2) Основното училиште има својство на правно лице и се запишува во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 13

Основното училиште има печат. Во средината на печатот е грбот на Република Македонија, а од страната името на Република Македонија и името (назив) и седиште на училиштето.

Член 14

(1) Името на основното училиште е напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(2) Во основните училишта во кои наставата се изведува и на друг јазик и писмо различен од македонскиот јазик, името на училиштето е напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кое се изведува наставата.

Член 15

Во основно образование можат да се вклучат и возрасни лица, на начин утврден со закон.

## II. ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 1. Основање на основното училиште

Член 16

(1) Основното училиште може да биде општинско или државно.

(2) Општинското основно училиште се основа од општината.

(3) Државното основно училиште се основа од Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата).

(4) Советот на општината донесува одлука за основање на основно училиште, по претходно прибавено позитивно мислење од Владата.

(5) Државните основни училишта кои ги основа Владата, се основаат само за остварување на наставен план и програми за основно образование на одредени ученици за кои државата има посебен интерес (училишта за ученици со посебни образовни потреби).

Член 17

(1) Основно училиште може да се основа, ако:

- има доволен број ученици за формирање на најмалку по две паралелки од прво до деветто одделение,
- е обезбеден соодветен наставен кадар,
- се обезбедени соодветни училишни простории, опрема и наставни средства согласно со утврдени нормативи и стандарди и
- се обезбедени потребни финансиски средства.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член основно училиште може да се основа и кога нема доволен број ученици за формирање 18 паралелки, доколку основачот обезбеди доволно финансиски средства за работа.

(3) Нормативите и стандардите од ставот (1) алинеја 3 на овој член ги утврдува министерот, на предлог од Бирото.

Член 18

Основачот е должен при основање на основно училиште да формира комисија која во согласност со овој закон изршува подготовка за почеток со работа на училиштето.

Член 19

(1) Со актот за основање на основното училиште се утврдуваат: -
името и седиштето на основното училиште,
- бројот на учениците,
- реонот, односно реоните од кои се опфаќаат учениците, -
јазикот на кој ќе се изведува наставата,
- бројот на подрачни училишта,
- потребниот наставен кадар, опремата, просторот според стандардите и нормативите, -
програмата за воспитно - образовната дејност,
- средствата кои основачот ги обезбедил за основање и почеток со работа на основното училиште и начинот на обезбедување на средствата и
- започнувањето со работа на основното училиште.

(2) Основното училиште може да започне со работа откако Министерството надлежно за образование (во натамошниот текст: Министерството) ќе утврди дека се исполнети условите од членот 17 на овој закон и ќе донесе решение за верификација.

(3) Проверка за исполнетоста на условите за верификација врши комисија формирана од министерот.

(4) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до Второстепена комисија на Владата на Република Македонија од областа на образованието.

(5) Начинот на верификацијата на основното училиште го пропишува министерот.

Член 20

(1) Основното училиште во својот состав може да има подрачно училиште.

(2) Подрачно училиште се организира во населено место со мал број ученици, за што одлучува основачот, по претходно позитивно мислење од министерот.

## 2. Статут на основното училиште

Член 21

(1) Основното училиште има статут.

(2) Со статутот особено се уредуваат: организацијата и вршењето на воспитнообразовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на основното училиште.

(3) Статутот на основното училиште го донесува училишниот одбор.

(4) На статутот на основното училиште согласност дава Министерството.

## 3. Регистар

Член 22

(1) Министерството води централен регистар на основните училишта основани на територијата на Република Македонија.



www.pravdiko.com

(2) Секоја општина за своето подрачје води регистар на основни училишта и за тоа доставува податоци до Министерството.

(3) Формата и содржината, како и начинот на водење на регистрите од ставовите (1) и (2) на овој член ги пропишува министерот.

### 3. Престанок со работа на основното училиште

Член 23

(1) Основното училиште престанува со работа, ако не се спроведуваат одредбите од овој закон и подзаконските акти што произлегуваат од него.

(2) Постапката за престанување со работа на основното училиште ја покренува и води основачот, а по претходна согласност на Министерството.

(3) Постапката за престанување со работа на подрачното основно училиште ја покренува и води основачот, по претходна согласност од министерот.

Член 24

(1) Основачот на основното училиште донесува акт за престанување со работата ако основното училиште:

- не ги остварува целите и задачите на образованието и воспитанието и -

престанало да ги исполнува условите утврдени со овој закон.

(2) По донесувањето на актот за престанување со работа на основното училиште, основачот е должен на учениците да им обезбеди да го продолжат образованието, на товар на основачот.

(3) Основното училиште по донесувањето на актот за престанување со работа се брише од регистрите од членот 22 ставови (1) и (2) на овој закон.

(4) Актот за престанување со работа на основното училиште се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и службеното гласило на општината.

(5) Основачот во рок од три дена по донесувањето на актот за престанување со работа на основното училиште, го известува Централниот регистар на Република Македонија за бришење од регистарот.

## III. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 1. Наставен план и наставни програми

Член 25

(1) Министерот ја утврдува Концепцијата за основно воспитание и образование, врз основа на која се донесуваат наставниот план и наставните програми за основно образование (во натамошниот текст: наставен план и програми).

(2) Во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

(3) Наставниот план за основното училиште содржи задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, како и часови за одделенската заедница.

(4) Со наставниот план се определува годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивниот редослед по одделенија, бројот на неделните часови за дополнителна настава, часовите за додатна настава и часот за одделенската заедница.



www.pravdiko.com

(5) Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Член 26

Во основното училиште може да се остварува и верско образование како изборен предмет.

Член 27

Дополнителна настава се организира за учениците кои имаат тешкотии во учењето и на кои им е потребна повремена помош во текот на наставната година.

Член 28

Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети.

Член 29

На часот на одделенската заедница се разработуваат содржини за личниот и социјалниот развој на учениците според програма што ја утврдува министерот, на предлог на Бирото.

Член 30

(1) Наставниот план и програми за основно образование на ученици со посебни образовни потреби во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

(2) За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети се реализираат со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби.

Член 31

Наставниот план и програми за основно музичко и балетско образование ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

**2. Проширена програма**

Член 32

(1) Во основното училиште се реализира и проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование.

(2) Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој.

Член 33

(1) Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.

(2) Основното училиште за учениците од прво до трето одделение може да организира продолжен престој со учениците од иста паралелка, по добиена согласност од Министерството. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот.



www.pravdiko.com

(3) Ако се обезбедени услови и средства од основачот, основното училиште може да организира продолжен престој за учениците во групи и тоа, од прво до петто одделение со ученици од исто одделение, или од прво до трето и од четврто и петто одделение со ученици од различни одделенија. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот.

(4) За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето.

Член 34

(1) За развивање на различните интереси на учениците основното училиште организира слободни ученички активности коишто се определени со годишната програма за работа на училиштето.

(2) Учениците во слободните ученички активности се вклучуваат доброволно.

(3) Начинот на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво го утврдува министерот, во соработка со Бирото.

(4) Начинот на изведувањето на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците го утврдува министерот, на предлог на Бирото.

## 3. Годишна програма за работа на основното училиште

Член 35

(1) Годишната програма за работа на основното училиште (во натамошниот текст: годишна програма за работа) се изработува врз основа на програмата за развој на училиштето.

(2) Со годишната програма за работа се планира наставата согласно со наставниот план и другата воспитно-образовна работа во училиштето.

(3) Формата и содржината на годишната програма за работа ги утврдува министерот.

(4) Училишниот одбор ја доставува годишната програма за работа до основачот најдоцна до 31 август во тековната учебна година.

(5) Годишната програма за работа ја донесува основачот до 30 септември за секоја тековна учебна година.

(6) Ако годишната програма за работа не ја донесе основачот во рокот утврден во ставот (5) на овој член, се смета дека истата е донесена.

(7) Донесената годишна програма за работа основното училиште ја доставува до Бирото и до Државниот просветен инспекторат, во електронска форма.

Член 36

Основното училиште е должно да ги запознае учениците и родителите преку брошура со одделни делови од програмата за работа, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето.

## 4. Организација на наставата во основното училиште

Член 37

(1) Наставниот план и програми во основното училиште се изработуваат според трите воспитно-образовни периоди (во натамошниот текст: периоди), и тоа:

- од прво до трето одделение,
- од четврто до шесто одделение и

- од седмо до деветто одделение.

(2) Со прилагодените или посебните програми за основното воспитание и образование за учениците со посебни образовни потреби во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, периодите можат да се одредат и поинаку од оние утврдени во ставот (1) на овој член.

Член 38

(1) Учебната година во основното училиште, по правило, започнува на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година.

(2) Наставата во учебната година се остварува во 180 наставни дена.

(3) Настава во основното училиште не се изведува за време на државни празници и други празници утврдени со закон.

(4) По исклучок, наставата може да се организира и во неработен ден за да се остварат наставните денови од ставот (2) на овој член.

(5) Наставата може да се остварува и во скратено траење, но не помалку од 100 наставни дена, по добиена согласност од Министерството, според посебна наставна програма донесена од министерот, по предлог на Бирото.

(6) Воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен за вонредни состојби (природни непогоди, епидемии и друго), за што решава основачот, а по претходна согласност со Министерството.

Член 39

(1) Наставниот час трае 40 минути.

(2) Наставниот час за учениците со посебни образовни потреби може да трае пократко од наставниот час од ставот (1) на овој член, доколку тоа е утврдено со наставниот план и програмите.

(3) Наставниот час за учениците во основните музички училишта, како и во други установи, може да трае пократко од наставниот час од ставот (1) на овој член, доколку тоа е утврдено со наставниот план и програмите.

Член 40

(1) Наставата во учебната година се организира во две полугодија.

(2) Учебната година се утврдува со календар за организација и работа на основното училиште.

(3) Календарот од ставот (2) на овој член го донесува министерот.

Член 41

(1) Наставата во основното училиште се изведува по одделенија, паралелки и наставни групи со ученици од исто одделение.

(2) Одделението е воспитно-образовна целина во која се обработуваат наставните програми според наставниот план за една учебна година. Учениците од исто одделение се распоредени по паралелки.

(3) Паралелка се формира од ученици од исто одделение.

(4) Бројот на ученици во паралелката е од 24 до 34.

(5)Паралелка може да се формира и со помалку од 24 ученици по добиена согласност од основачот.

(6)Основачот може да формира паралелка од ставот (5) на овој член по претходно позитивно мислење од Министерството.



www.pravdiko.com

(7) Во основното училиште може да се формира и комбинирана паралелка, по правило, од ученици од прво до трето одделение, со ученици од четврто и петто одделение или со ученици од шесто до деветто одделение, по добиена согласност од основачот.

(8) Основачот може да формира комбинирана паралелка од ставот (7) на овој член по претходно позитивно мислење од Министерството.

(9) Кога не може да се организира наставата по одделенија во паралелки за учениците во здравствени установи, социјални установи, казнено-поправни или воспитно-поправни установи, основното училиште организира индивидуална или групна воспитно-образовна работа.

(10) Бројот на учениците со посебни образовни потреби во паралелка го утврдува министерот.

Член 42

(1) Воспитно-образовната работа во основното училиште опфаќа настава и други облици на организирана работа со учениците.

(2) Наставата во прво одделение ја изведува наставник по одделенска настава, педагог или наставник за предучилишно воспитание.

(3) Наставата во второ и трето одделение ја изведува наставник по одделенска настава или педагог.

(4) За изведување на наставата по англиски јазик од прво до трето одделение се вклучува наставник по англиски јазик.

(5) Наставата во четврто одделение ја изведува наставник по одделенска настава или педагог, освен за наставата по англиски јазик и за наставата по македонски јазик за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик и писмо различни од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

(6) Наставата во петто одделение продолжува да ја изведува наставник по одделенска настава или педагог, освен за наставата по англиски јазик и за наставата по македонски јазик за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик и писмо различни од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, а по природни науки и техничко образование се вклучуваат и предметни наставници.

(7) Бројот на часовите на одделенскиот наставник по задолжителните предмети во петто одделение не може да биде помал од 20 часа во неделата вклучувајќи го часот на одделенската заедница.

(8) Наставата од шесто до деветто одделение ја изведуваат предметни наставници.

(9) Во паралелките во кои има ученици со посебни образовни потреби може да се ангажира и дефектолог за работа со учениците со посебни образовни потреби.

(10) Во продолжениот престој за учениците од прво одделение воспитно-образовната работа ја изведуваат наставниците за одделенска настава, педагог или наставници за предучилишно воспитание, а од второ до петто одделение наставниците за одделенска настава или педагог.

## 5. Индивидуална и групна работа во наставата

Член 43

(1) За учениците од прво до шесто одделение во наставата се остваруваат и содржини и задачи по нивоа на сложеност.

(2) Учениците од седмо до деветто одделение кои покажуваат особени резултати по одделени наставни предмети според резултатите од стандардизираните тестови изработени од Бирото, можат да се определат за следење на настава во наставни групи формирани од ученици од исто одделение од различни паралелки, за усвојување на

посложени содржини и тоа најмногу во обем од 25% од вкупните часови наменети за соодветниот предмет.

(3) Учениците од ставот (2) на овој член часовите од останатиот дел од наставата, ги следат во матичната паралелка во своето одделение.

(4) Организирањето на наставата во наставни групи од ставот (2) на овој член го утврдува министерот, по предлог на Бирото.

Член 44

(1) Учениците во наставните групи по одделен предмет од членот 43 став (2) на овој закон во групите можат да се задржат во текот на целата наставна година или да се откажат од таа настава.

(2) Учениците од ставот (1) на овој член можат да следат настава во иста наставна година само за предметите за кои се определиле.

(3) Во осмо или деветто одделение учениците можат да ги заменат предметите.

## IV. ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Член 45

(1) Детето со поаѓањето во основното училиште стекнува статус на ученик.

(2) Ученикот ја следи наставата и учествува во другите активности утврдени со наставниот план и програми за основно образование и воспитание.

Член 46

(1) Децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во месец мај за следната учебна година.

(2) При запишувањето на детето во прво одделение родителот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, издадена од надлежна здравствена установа.

(3) Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

(4) Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување.

(5) Основачот го утврдува реонот на основните училишта од кои се запишуваат учениците.

Член 47

(1) Во прво одделение на основното училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни шест години.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни шест години до 31 јануари наредната година, по претходно барање од родителот и добиено мислење од педагогот или психологот во училиштето.

(3) Запишувањето на детето, на барање на родителот, здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

Член 48

(1) Запишувањето на детето во училиштето го врши комисија која ја формира директорот на училиштето. Комисијата е составена од педагог или психолог и наставник за предучилишно воспитание, односно одделенски наставник.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е должна, по правило, да го извести родителот за подготвеноста на детето за тргнување во училиштето, најмалку два месеци пред почетокот на наставата.



www.pravdiko.com

(3) Родителот по одлуката на комисијата има право на жалба до комисија формирана од градоначалникот на општината.

Член 49

(1) Во текот на наставната година на ученикот во прво одделение, на предлог на наставникот што ја води паралелката, педагог или психолог, во согласност со родителот од здравствени или други причини, може да му се одложи следењето на наставата за една година.

(2) За одложувањето на следењето на наставата од ставот (1) на овој член одлучува комисија составена од психолог, педагог, наставник за предучилишно воспитание или одделенски наставник.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член ја формира директорот на основното училиште.

(4) Родителот по одлуката на комисијата има право на жалба до комисија формирана од градоначалникот на општината.

Член 50

(1) Родителот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее или каде што постојано престојува.

(2) Родителот може да го запише детето во друго основно училиште во истиот или друг реон ако за тоа има согласност од училиштето во кое се запишува.

(3) Списокот на децата од реонот за запишување во основното училиште се добива од надлежните служби во единицата на локалната самоуправа кои водат евиденција на постојаните и привремените жители.

(4) Списокот од ставот (3) на овој член содржи име и презиме и година на раѓање на детето.

(5) Во текот на школувањето ученикот може да премине во друго основно училиште ако има согласност од училиштето во коешто преминува.

(6) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат на децата со посебни образовни потреби.

Член 51

(1) Родителот има право детето со посебни образовни потреби да го запише во основно училиште, освен во случаите кога посебните образовни потреби на детето се такви што тоа треба да следи настава во посебно основно училиште.

(2) Начинот и условите за запишувањето на учениците со посебни образовни потреби во основните училишта го утврдува министерот, по предлог на Бирото.

Член 52

Основното училиште е должно да го извести овластениот просветен инспектор на општината за децата кои не се запишани, односно учениците кои неоправдано не го посетуваат основното училиште повеќе од 30 дена.

V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Член 53

Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот.



www.pravdiko.com

Член 54

(1) Ученикот има право да ја посетува наставата и да учествува во воспитнообразовната работа што ја организира основното училиште.

(2) Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

Член 55

За учениците кои покажуваат значителни резултати од одделни области, извршувањето на обврските и начинот на остварување на програмата на основното училиште може да се прилагоди на начин кој го утврдува министерот, по предлог на Бирото.

Член 56

Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.

Член 57

(1) За секое изостанување на ученикот од настава родителот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.

(2) Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.

(3) Директорот на училиштето по писмено барање на родителите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 58

(1) На ученикот кој наполнил 16 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година.

(2) По исклучок, од ставот (1) на овој член, по барање на родителот или ученикот, а по мислење на училишниот педагог или психолог, ученикот кој наполнил 16 години може да го продолжи образованието до навршување на 17 години.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член го задржува статусот на ученик ако го продолжи школувањето како возрасен ученик, согласно со закон.

(4) На ученикот со посебни образовни потреби кој наполнил 20 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година.

Член 59

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитнообразовната работа се применуваат следниве педагошки мерки: укор, усна опомена, писмена опомена, намалување на поведението, преместување на ученикот во друга паралелка и преместување на ученикот во друго основно училиште.

Член 60

(1) Ако има оправдани причини што се поврзани со однесувањето на ученикот во основното училиште, училиштето може да го префрли ученикот во друго основно училиште доколку има согласност од училиштето кое треба да го прифати ученикот.

(2) За причините за префрлување на ученикот во друго основно училиште одлучува комисија формирана од директорот на училиштето, составена од одделенскиот раководител или раководител на паралелката, два наставника и психологот или педагогот во училиштето и претседателот на Советот на родителите.



www.pravdiko.com

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член соработува со родителот на ученикот.

(4) Ако училиштето не може да обезбеди преминување на ученикот во друго училиште за тоа одлучува комисија формирана од градоначалникот на општината.

Член 61

(1) Ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.

(2) Учениците со посебни образовни потреби имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до основното училиште.

Член 62

(1) Основното училиште во договор со родителите може за сите ученици да организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училишто. Трошоците за оброкот ги плаќа родителот.

(2) Стандардите за оброците во училиштето ги утврдува Министерството, во соработка со соодветна стручна установа.

Член 63

(1) Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања основното училиште ги пофалува односно наградува.

(2) На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во наставните и воннаставните активности, основното училиште, на предлог на наставничкиот совет, им издава посебни дипломи и пофалници.

(3) Формата и содржината на дипломите, како и начинот на нивното издавање ги пропишува министерот.

Член 64

Начинот на остварувањето на правата и обврските на учениците, наградувањето и изрекувањето на педагошките мерки за нарушување на училишните правила и куќниот ред ги пропишува министерот, по предлог на Бирото.

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА И НАПРЕДУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Член 65

(1) Постигањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано.

(2) Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член само на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.

(4) Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и бројчано.

(5) Ученикот од ставот (4) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(6) Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува бројчано.

(7) Ученикот од ставот (6) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(8) Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценката недоволен (1).

(9) Највисока оценка е одличен (5).

Член 66

Оценувањето на ученикот е според стандарди кои ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

Член 67

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие.

Член 68

(1) Во првиот период, знаењето на ученикот кој наставата ја следи во посебните основни училишта се оценува описно.

(2) Во вториот и третиот период, знаењето на ученикот кој наставата ја следи во посебните основни училишта може да се оценува описно и бројчано во зависност од видот на попреченоста на ученикот.

Член 69

(1) Ученикот од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението.

(2) Ученикот кој не успеал да ги совлада наставните содржини до крајот на учебната година како последица на подолго отсуство од наставата поради болест, преселување и други оправдани причини, по предлог на родителот или по предлог на одделенскиот наставник и стручните соработници на училиштето, а во согласност со родителот може да остане во истото одделение за што одлука донесува наставничкиот совет на училиштето.

Член 70

(1) Ученикот којшто на крајот на наставната година во седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит.

(2) За ученик од седмо, осмо и деветто одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки, основното училиште е должно да организира дополнителна настава во јуни.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член кој по одржаната дополнителна настава не постигнал позитивен успех, се упатува на поправен испит.

(4) Поправните испити ученикот ги полага во јуни и август.

(5) Ученикот од ставот (3) на овој член кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение.

(6) Ученикот којшто на крајот на наставната година во седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

Член 71

(1) Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно или екстерно проверување.

(2) Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците на крајот од трето одделение го вршат наставниците во училиштето врз основа на стандардизирани тестови подготвени од Бирото.

(3) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците на крајот на секоја учебна година за учениците од четврто до деветто одделение се спроведува врз основа на стандардизирани тестови изготвени од Бирото, а го организираат и спроведуваат Министерството и Државниот просветен инспекторат.

(4) Резултатите од проверување на напредокот и постигањето на успехот на ученикот од ставот (3) на овој член не влијаат врз општиот успех на ученикот, односно на неговите оценки, освен доколку разликата меѓу добиената оценка од екстерното проверување на постигањето на успехот на учениците и добиената оценка од наставникот се разликува повеќе од една оценка.

(5) На ученикот му се издава свидетелство за завршено одделение по спроведеното екстерно проверување од ставот (3) на овој член.

(6) Начинот на организирање и спроведување на проверување на постигањето на успехот на учениците од ставовите (2) и (3) на овој член, како и начинот на утврдувањето на завршните оценки на ученикот го пропишува министерот.

Член 72

(1) Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.

(2) Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишна оценка, родителот има право, во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.

(3) Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот од ставот (2) на овој член.

(4) Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.

(5) За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од претседател и два членаиспитувачи.

(7) Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште.

(8) Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

(9) Оценката на комисијата е конечна.

Член 73

(1) Ученикот кој поради болест или поради оправдани и неоправдани причини не ја посетува наставата најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети и нема елементи за оценување, полага одделенски испит според предвидените предмети со наставниот план.

(2) За оправданоста на причините од ставот (1) на овој член одлучува наставничкиот совет на училиштето.

Член 74

(1) Поправниот испит или одделенскиот испит ученикот го полага пред испитна комисија.



www.pravdiko.com

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и два члена-наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

Член 75

(1) Ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува.

(2) Ученик од прво до трето одделение, по предлог на одделенскиот наставник, а по мислење на стручните соработници на училиштето и согласност на родителот може забрзано да напредува и премине во наредното одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет.

(3) Ученик од четврто до деветто одделение, по предлог на одделенскиот раководител, а по одобрување на наставничкиот совет и согласност на родителот може забрзано да напредува, за што одлука донесува наставничкиот совет.

(4) Ако ученикот побрзо напредува во првиот период преминува без полагање на испити за побрзо напредување, а ако побрзо напредува во вториот, односно третиот период полага испити за побрзо напредување.

(5) Правото од ставовите (2) и (3) на овој член, ученикот може да го користи најмногу два пати во текот на основното образование.

(6) Основното училиште има обврска да организира менторска и консултативна помош од наставниците по соодветните предмети за ученикот кој побрзо напредува.

Член 76

Начинот на оценувањето и напредувањето на учениците, организирањето и спроведувањето на поправните испити, како и вршењето на интерното и екстерното проверување го пропишува министерот.

VII. НАСТАВНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И ВОСПИТУВАЧИ

Член 77

(1) Воспитно-образовната работа во основното училиште ја остваруваат наставници, стручни соработници (педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар) и воспитувачи.

(2) Наставниците, стручните соработници и воспитувачите во основното училиште имаат соодветно високо образование.

(3) Видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во основното училиште се уредува со норматив за наставен кадар на основното училиште, што го утврдува министерот.

Член 78

(1) Воспитно-образовната работа во училиштата за основно музичко и балетско образование ја остваруваат наставници, корепетитори, библиотекари, училишни педагози и психолози со соодветно образование.

(2) Видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во основните музички и балетски училиште се уредува со норматив за наставен кадар за училиштата за основно музичко и балетско образование, што го утврдува министерот.



www.pravdiko.com

Член 79

(1) Воспитно-образовната работа во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта ја остваруваат наставници, дефектолози, библиотекари, воспитувачи, училишни педагози и психолози со соодветно високо образование.

(2) Видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта се уредува со норматив за наставен кадар во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, што го утврдува министерот.

**1. Засновање работен однос**

Член 80

(1) За наставник, стручен соработник и воспитувач може да се вработи лице коешто покрај општите услови ги исполнува и следниве посебни услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има соодветно образование,
- да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и
-да има положено стручен испит за наставник, стручен соработник, односно за вопитувач.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член во училиштата и паралелките во кои наставата се изведува на јазик и писмо различни од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, освен наставниците за предметот македонски јазик, треба да го познаваат и јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

(3) Директорот на основното училиште формира комисија составена од три члена од редот на воспитно-образовниот кадар кој врши проверка на познавањето на јазикот на наставниците од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Ако на јавниот оглас за засновање на работен однос за наставник, стручен соработник, односно воспитувач не се јави лице со положен стручен испит, работен однос може да заснова лице без положен стручен испит, на определено време до крајот на учебната година.

Член 81

Наставници за предметите за кои наставата се изведува на странски јазик можат да бидат и лица странски државјани кои имаат соодветен вид на образование и го познаваат јазикот на кој се изведува наставата, за што согласност дава Министерството.

Член 82

(1) Наставникот, стручниот соработник и воспитувачот се избираат по пат на јавен оглас.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца.

(3) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) При изборот на стручни соработници, воспитувачи и друг ненаставен кадар се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и почитување на критериумите на стручност и компетентност.



www.pravdiko.com

Член 83

(1) Наставниците кои работат во подрачно основно училиште во населено место со помалку од десет ученици и реализираат настава со скратена програма засноваат работен однос на определено време со полн фонд на часови до реализација на скратената програма.

(2) Наставниците можат да засноваат работен однос на определено време до крајот на учебната година, доколку на јавен оглас не се пријави лице кое ги исполнува условите утврдени со закон.

(3) Наставниците можат да засноваат работен однос на неопределено време, пократко од полното работно време, доколку обемот на работата изнесува најмалку половина од работното време во работната недела на начин утврден со закон.

Член 84

Наставниците, стручните соработници и воспитувачите ги избира директорот на училиштето по претходно мислење на училишниот одбор.

## 2. Приправнички стаж

Член 85

(1) Наставник, стручен соработник или воспитувач кој за првпат се вработува во основно училиште е наставник-приправник, стручен соработник-приправник, односно воспитувач-приправник.

(2) Приправничкиот стаж трае една година.

(3) За време на приправничкиот стаж на приправникот му припаѓа плата во висина од 80% од платата на наставникот, стручниот соработник, односно воспитувачот.

(4) За време на приправничкиот стаж лицата од ставот (1) на овој член се оспособуваат за самостојна воспитно-образовна, односно стручна работа преку совладување на програмата за стручен испит.

(5) Приправникот за време на приправничкиот стаж соработува со наставниците, стручните соработници, односно воспитувачите и се подготвува за стручен испит.

(6) За време на приправничкиот стаж приправникот го следи ментор.

(7) Менторот на приправникот го определува директорот на училиштето од редот на наставниците, односно стручните соработници или воспитувачи кои вршат работа за која се оспособува приправникот и имаат звање наставник - ментор или наставник - советник.

(8) Менторот на приправникот му подготвува програма која вклучува методска, дидактичка и друга подготовка потребна за оспособување на наставникот и за полагање испит. Менторот изработува извештај за работата на приправникот.

(9) Исто лице не може да биде ментор во исто време на повеќе од два приправника.

(10) За вршење на работа на ментор, училиштето на менторот му исплаќа надоместок во висина од 10% од платата која ќе ја прима приправникот по завршувањето на приправничкиот стаж .

(11) Приправникот по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит пред комисија формирана од министерот.

(12) Приправникот за полагање на стручниот испит плаќа надоместок, чија висина ја утврдува министерот врз основа на реалните трошоци за спроведувањето на стручниот испит.

(13) Програмата за полагањето на стручниот испит на приправникот и начинот на спроведувањето на испитот ги пропишува министерот.



www.pravdiko.com

## 3. Работни должности на наставникот и стручниот соработник

Член 86

(1) Работните должности на наставникот во основното училиште опфаќа настава и други видови на организирана работа со учениците, подготовка за настава, прегледување и оценување на писмените задачи и другите работи што се потребни за остварување на воспитно- образовната програма.

(2) Времето што се издвојува за подготовка на наставата и другата воспитно-образовна работа на наставникот опфаќа:

- планирање на наставата во писмена или електронска форма и избор на наставни средства,
- подготовка на дидактички помагала,
- соработка со родителите,
- соработка со стручните органи на училиштето,
- вршење на задачи на одделенски раководител,
- учество во интерно проверување во постигањата на учениците со стандардизирани тестови,
- учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување,
- собирање и обработка на податоци во врска со вршењето на воспитно-образовната и друга работа,
- водење на педагошка документација и евиденција, -
менторство на учениците,
- менторство на приправниците,
- уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, насади итн.,
- организирање на културни спортски и други општо корисни и хумани акции во кои учествуваат учениците,
- водење слободни ученички активности и работа со ученици на проекти и истражување,
- подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, летување, логорување што ги организира училиштето и
- вршење на други работи определени со годишната програма за работа.

Член 87

Работните должности на стручниот соработник во основното училиште опфаќаат стручни работи за:

- запишување на учениците и следење на нивниот развој во основното училиште, -
следење на навременото вакцинирање на учениците,
- планирање на наставата и другата воспитно-образовна работа,
- развивање на програми, постапки и инструменти за вреднување на постигањата на учениците и самовреднување на училиштето,
- учество во организирано стручно и дидактичко-методско образование и надоградување,
- соработка со родителите,
- поддршка на работата на заедницата на учениците,
- примена на прописите за остварување на правата и должностите на учениците, напредувањето и изрекувањето на педагошки мерки за кршење на училишните правила и куќниот ред на основното училиште,



www.pravdiko.com

- поддршка на стручните активи на наставниците за изборот на учебниците и детските списанија и другата литература што се користи во училиштето,
- организирање на педагошка и методска практика на студентите од наставничките факултети,
- поддршка на наставниците за индивидуалната работа со учениците, - организирање и водење на работата на училишната библиотека, - професионална ориентација на учениците,
- поддршка на наставниците за водење на педагошката документација и евиденција на основното училиште и
- водење на педагошки картон за наставниците.

Член 88

(1) За наставниците во основното образование неделниот фонд на наставни часови изнесува за одделенскиот наставник од 20 до 23 наставни часови во кои влегува и времето за организирано прифаќање на учениците пред и по наставата.

(2) Во неделниот фонд на наставни часови од ставот (1) на овој член не влегуваат часовите за дополнителна и додатна настава.

(3) Неделниот фонд на наставни часови за предметниот наставник изнесува од 20 до 23 часа во кои не влегуваат часовите за дополнителна и додатна настава.

Член 89

Работното време на стручниот соработник во основното училиште во текот на неделата изнесува 40 часа.

Член 90

(1) Обемот на работните должности во рамките на работното време на наставниците, стручните соработници и воспитувачите во текот на 40-часовна работна недела, го утврдува министерот.

(2) Почетокот и завршетокот на работното време, користењето на дневниот и годишниот одмор на лицата од ставот (1) на овој член се утврдува со статутот на училиштето.

## 4. Професионално усовршување, оспособување и напредување

Член 91

(1) Директорот, наставникот и стручниот соработник во основното училиште во текот на својата работа се должни професионално да се усовршуваат.

(2) Министерството во соработка со Бирото донесува годишна програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници за поддршка на реформите во образованието и за истото обезбедува средства.

(3) Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука кои ги реализираат јавни и приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва чии програми се акредитирани.

(4) Акредитацијата на програмите за обука од ставот (2) на овој член го врши Бирото врз основа на јавен оглас.

(5) За да се акредитира програма за обука за професионално усовршување, јавната и приватната установа, здружението на граѓани и трговското друштво кои ја вршат обуката треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да ги исполнуваат барањата за програмата утврдени во јавниот оглас,
-да имаат искуство во реализација на обуки за професионално усовршување,

-да имаат обезбедено соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на обуките и

-да имаат ангажирано обучувачи за соодветната област кои имаат најмалку високо образование и искуство во изведување обука.

(6) Акредитацијата на програмата за обука за професионално усовршување има важност две години и во текот на реализацијата на програмата Бирото врши нејзина евалуација.

(7) За акредитираната програма за обука за професионално усовршување на директорот, наставникот и стручниот соработник во основното училиште Бирото води евиденција.

(8) Начинот на професионалното усовршување го пропишува министерот.

Член 92

(1) Наставниците и стручните соработници во основното училиште се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања.

(2) Наставникот и стручниот соработник кои за прв пат се вработуваат во образование се со звање наставник-приправник и стручен соработник-приправник.

(3) Наставникот-приправник може да напредува во звањата наставник, наставникментор и наставник - советник.

(4) Стручниот соработник-приправник може да напредува во звањата стручен соработник, стручен соработник - ментор и стручен соработник - советник.

(5) Платата на наставникот и стручниот соработник е според стекнатото звање.

(6) Напредување на наставниците и стручните соработници во звањата наставник, наставник-ментор, стручен соработник и стручен соработник-ментор го врши училишна комисија која ја формира директорот на училиштето.

(7) Комисијата од ставот (6) на овој член е составена од по два одделенски наставници и наставници по предметна настава, педагог, односно психолог во училиштето, еден родител, директорот на училиштето, член од училишниот одбор кој е претставник од основачот и советник од Бирото.

(8) Одделенските и предметните наставници за членови во комисијата од ставот (6) на овој член ги избира наставничкиот совет во училиштето, родителот го избира советот на родители на училиштето, членот од училишниот одбор го избира училишниот одбор.

(9) Напредувањето на наставниците и стручните соработници во звањата наставник-советник и стручен соработник-советник го врши комисија формирана од министерот.

(10) Основното училиште во текот на една учебна година може да врши напредување на двајца вработени од редот на наставниците и стручните соработници во секое од звањата од ставот (6) на овој член и да предложи двајца вработени од редот на наставниците и стручните соработници да напредуваат во звањата од ставот (9) на овој член ако има до 50 вработени наставници и стручни соработници.

(11) Основното училиште во текот на една учебна година може да врши напредување на три вработени од редот на наставниците и стручните соработници во секое од звањата од ставот (6) на овој член и да предложи три вработени од редот на наставниците и стручните соработници да напредуваат во звањата од ставот (9) на овој член ако има повеќе од 51 вработен наставник и стручен соработник.

(12) Наставник и стручен соработник може да напредува во следното звање по три години, на начин утврден со овој закон.

(13) Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звања, има право на приговор до Министерството, во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

(14) Начинот на стручното усовршување, оспособување и напредување на наставниците и стручните соработници во звањата од ставовите (3) и (4) на овој член го пропишува министерот.

Член 93

(1) Вработените во основното училиште на секои три години мораат да бидат систематски прегледани.

(2) На лице кое боледува од душевна болест, алкохолизам и наркоманија му престанува работниот однос во основното училиште.

(3) Утврдувањето на психофизичките способности на вработените во основното училиште, односно заболеноста од одредени душевни болести, алкохолизам и наркоманија се врши согласно со прописите од областа на здравствената заштита.

Член 94

(1) На наставник, стручен соработник и воспитувач за чија работа престанала потребата поради деловни причини, не може да му престане работниот однос, додека не му се обезбеди едно од правата согласно со закон и колективен договор.

(2) Начинот и критериумите за престанок на работниот однос поради деловни причини се утврдуваат со колективен договор.

Член 95

(1) При промени во обемот на работа во основното училиште што се јавуваат поради промена во наставниот план и програмите, организацијата на работа, бројот на паралелки и други промени, работниот однос на наставникот во основното училиште се променува од работен однос на неопределено време со полно работно време во работен однос на неопределено време со пократко од полното работно време и обратно.

(2) Директорот е должен во случаите од ставот (1) на овој член на наставникот да му издаде ново решение за работното време.

## 5. Оценување на наставници

Член 96

(1) За наставниците, стручните соработници или воспитувачите, кои во остварувањето на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, Бирото, Советот на родители или Државниот просветен инспекторат покренуваат иницијатива до училишниот одбор за преиспитување на нивната способност за реализација на работните обврски.

(2) Бирото, Советот на родители или Државниот просветен инспекторат покренуваат иницијатива до училишниот одбор за престанок на работниот однос и за наставници во основните училишта кои вршат подготовки и други активности на учениците од училиштето кои следат настава по завршување на работното време, а не се утврдени со годишната програма за работа.

(3) Иницијативата од ставовите (1) и (2) на овој член мора да содржи образложение за причините поради кои се покренува.

(4) Ако иницијативата од ставовите (1) и (2) на овој член е покрената од Советот на родители, Училишниот одбор пред да расправа по иницијативата, задолжително бара мислење од Државниот просветен инспекторат.

(5) Ако училишниот одбор ја прифати иницијативата од ставовите (1) и (2) на овој член до директорот поднесува предлог за престанок на работниот однос на наставник, стручен соработник или воспитувач, во рок од седум дена.

(6) Директорот е должен да постапи по предлогот од ставот (4) на овој член во рок од седум дена од денот на добивањето на предлогот.

Член 97

(1) Врз основа на резултатите од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците од членот 71 став (3) на овој закон се оценува објективноста и професионалноста на наставникот во вреднувањето на постигнувањата на успехот на ученикот.

(2) Оценувањето од ставот (1) на овој член се врши со споредување на резултатите на екстерното проверување на постигањата на ученикот со завршната оценка на ученикот по соодветниот предмет, за што Министерството изготвува ранг листа за отстапување од добиените показатели.

(3) Врз основа на ранг-листата од ставот (2) на овој член, 20% од наставниците кај кои има најмали отстапувања во добиените показатели им се зголемува платата за наредната година 15% од платата што ја примале.

(4) Врз основа на ранг-листата од ставот (2) на овој член, 20% од наставниците кај кои има најголеми отстапувања во добиените показатели им се намалува платата за наредната година 10% од платата што ја примале.

(5) Ако наставникот три години едноподруго покажува резултати од ставот (3) на овој член се унапредува во првото наредно звање.

(6) Ако наставникот три години едно по друго покажува резултати од ставот (4) на овој член му престанува работниот однос.

(7) Акт за зголемување, односно намалување на платата на наставникот согласно со ставовите (3) и ( 4) на овој член донесува директорот на училиштето.

(8) Против актот на директорот од ставот (7) на овој член наставникот може да поднесе жалба до надлежен суд.

(9) Начинот на изготвување на ранг-листата, утврдувањето на процентот на најголеми, односно најмали отстапувања од добиените показатели, процентот на зголемување, односно намалување на платата како и начинот на намалувањето, односно зголемувањето на платата на наставникот во рамките на утврдените проценти согласно со овој член го пропишува министерот.

## VIII. ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

Член 98

Основното училиште собира, обработува, чува, посредува и употребува податоци што се содржат во педагошката документација и евиденција во согласност со овој закон и Законот за заштита на личните податоци.

Член 99

(1) Педагошката документација во смисла на овој закон опфаќа: главна книга на учениците, дневник на паралелката, евидентни листови за успехот на учениците, ученичка легитимација, свидетелство и преведница.

(2) Главната книга на учениците е документ од трајна вредност.

Член 100

(1) Педагошката документација од членот 100 став (1) на овој закон се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо.



www.pravdiko.com

(2) За учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, педагошката документација од ставот (1) на овој член се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на којшто се изведува наставата.

Член 101

(1) Свидетелството, ученичката легитимација и преведницата се јавни исправи.

(2) Јавните исправи се издаваат во еден примерок. Во случај издадениот документ од став (1) на овој член да се изгуби или уништи, основното училиште издава нов примерокдупликат.

Член 102

Ученикот кој изгубил свидетелство може да бара издавање на документот во вонпроцесна постапка пред надлежниот суд на чие подрачје е седиштето или било седиштето на основното училиште ако основното училиште кое ја чува документацијата не може да издаде нов примерок.

Член 103

Формата и содржината на педагошката документација и евиденција, како и начинот на водењето ги пропишува министерот.

## IX. УЧЕБНИЦИ

Член 104

(1) Во основното училиште за остварување на основното воспитание и образование се употребуваат учебници .

(2) Учебниците се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

(3) За учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, учебниците се издаваат на јазикот и писмото на којшто се остварува наставата.

(4) Учениците можат да користат и други извори за учење (интернет, списанија, енциклопедии, речници и слично).

Член 105

(1) Учебникот се изработува според наставниот план и програми за соодветното одделение и предмет и Концепцијата за учебник, што на предлог на Бирото ја утврдува министерот.

(2) Со Концепцијата за учебник се определуваат научно-стручните и методолошките основи на учебникот, развојните воспитно-образовни функции, основите за мотивација и самостојно учење, дидактичко-методските стандарди за изборот и систематизирањето на содржините, дополнителните текстови, визуелните прилози, како и соодветноста на јазикот според возраста на учениците и градењето на јазична култура.

Член 106

(1) Учебникот го издава правно лице кое ги исполнува условите за вршење на издавачка дејност (во натамошниот текст: издавач на учебници), утврдени со закон.

(2) Автор на учебник е лице со високо образование, магистер или доктор на науки чие образование е од областа на која припаѓа наставниот предмет за кој е наменет учебникот.



www.pravdiko.com

(3) Автор на учебник може да биде и лице со високо образование, магистер или доктор на науки чие образование е соодветно според наставната програма за предметот за кој е наменет учебникот.

Член 107

Вработен во Министерството, во органите во состав на Министерството, во Центарот за стручно образование и обука и во Центарот за образование на возрасните не може да биде издавач, односно автор на учебник.

Член 108

(1) Програмата за издавање на учебници ја изработува Бирото, а ја утврдува министерот.

(2) Министерството, врз основа на програмата од ставот (1) на овој член, објавува конкурс за издавање на учебници одделно за секое одделение и предмет.

(3) Конкурсот од ставот (2) на овој член трае најмалку четири, а најмногу до шест месеца.

(4) Во конкурсот се утврдуваат условите кои треба да ги исполни авторот, односно издавачот, постапката и рокот за издавањето на учебниците, малопродажната цена на учебникот и квалитетот на учебникот.

(5) На конкурсот може да учествува издавач на учебници, односно автор на учебник само со еден ракопис за учебник за еден наставен предмет.

(6) За учебници по странски јазици на конкурсот може да учествува и издавач од друга држава во која е регистриран за издавачка дејност, преку овластени законски застапници во Република Македонија.

Член 109

(1) При донесување на нов наставен план и програми или ако се врши изменување или дополнувања на повеќе од 30% на наставниот план и програми, Министерството објавува конкурс за нов учебник по соодветниот предмет.

(2) За перманентно унапредување на квалитетот и осовременување на одобрениот учебник, после петгодишната употреба на учебникот од првото издание, Министерството може да објави нов конкурс.

Член 110

(1) На конкурсот за учебник издавачот или авторот на учебникот, покрај другата документација утврдена со закон, задолжително приложува и:

- ракопис за учебникот во шест примероци, ликовно и графички разработен и јазично уреден во форма на ракопис и во електронска форма и
- изјава од лектор за јазично уредување на текстот.

(2) Ако издавачот на ракописот за учебник, односно авторот смета дека има потреба од дополнителна литература на ракописот за учебник, истата ја приложува во електронска форма.

(3) За разгледување на ракопис за учебник, издавачот, односно авторот на учебникот уплаќа одредена сума на средства на сметка на Министерството, која ја одредува министерот врз основа на реално направените трошоци.

(4) Средствата од ставот (3) на овој член се наменети исклучиво за покривање на трошоците на рецензентите.

(5) Издавачот, односно авторот на учебник кој е наменет за учениците кои ја следат наставата на јазик и писмо различен од македонскиот, е должен ракописот да го поднесе на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на припадниците на заедниците за коишто е наменет учебникот.



www.pravdiko.com

Член 111

(1) Министерот формира рецензиона комисија која врши стручно вреднување на ракописи за учебник за соодветен предмет, согласно со методологијата што ја изработува Бирото, а ја утврдува министерот.

(2) Рецензионата комисија од ставот (1) на овој член е составена од три члена, и тоа:

- еден рецензент наставник од наставничките факултети за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку пет години работно искуство во настава и
- двајца рецензенти од основно училиште соодветни за наставниот предмет за кој е наменет учебникот и со најмалку пет години работно искуство во настава.

(3) Во составот на комисијата за стручно вреднување на учебник кој е наменет за учениците кои ја следат наставата на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, еден од членовите е од редот на припадниците на заедниците за кои е наменет учебникот.

(4) Вработен во Министерството, во органите во состав на Министерството, во Центарот за стручно образование и обука, авторот, односно издавачот на поднесениот ракопис за учебник или пак лице кое е во друг договорен однос со издавачот кои би можеле да влијаат на објективноста на оценувањето, како и членови на нивното потесно семејство (брачен другар, деца, родители, браќа и сестри), не можат да бидат членови на рецензионата комисија, за што доставува изјава до Педагошката служба.

(5) Начинот на изборот, именувањето и разрешувањето на членовите на рецензионата комисија и начинот на работа на рецензионата комисија ги пропишува министерот.

Член 112

(1) Педагошката служба ракописот за учебник од конкурсот го доставува до Бирото во рок од седум дена од денот на завршувањето на конкурсот.

(2) Бирото дава стручно мислење за усогласеноста на ракописот за учебник со наставниот план и програмите, со Концепцијата за деветгодишно основно образование и со Концепцијата за учебник, во рок од 14 дена од денот на добивањето на ракописите за учебник и го доставува до Педагошката служба.

(3) Педагошката служба, ракописот за учебник и стручното мислење од Бирото од ставот (2) на овој член ги доставува до рецензионата комисија.

(4) Рецензионата комисија врши стручно вреднување на ракописот согласно со Методологијата за вреднување на учебници во рок од 14 дена од денот на приемот на ракописот за учебник и стручното мислење на Бирото од ставот (2) на овој член.

(5) Педагошката служба, врз основа на стручното мислење на Бирото од ставот (2) на овој член и стручното вреднување од рецензионата комисија од ставот (4) на овој член, на министерот му доставува извештај во рок од пет дена.

(6) Извештајот од ставот (5) на овој член ги содржи стручното мислење од Бирото од ставот (2) на овој член и стручното вреднување од рецензионата комисија од ставот (4) на овој член.

(7) Врз основа на извештајот од ставот (5) на овој член министерот донесува решение за одобрување и употреба на учебникот, најдоцна во рок од 50 дена од денот на завршувањето на конкурсниот рок за доставување на ракописите.

(8) Министерот, пред да донесе решение за одобрување и употреба на ракопис за учебник, на предлог на рецензионата комисија може да побара одделни ракописи на учебниците да бидат соодветно корегирани во рок од пет дена.

(9) Против решението на министерот, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се поднесе жалба до второстепена комисија на Владата на Република Македонија од областа на образованието.



www.pravdiko.com

(10) По конечноста на решението за одобрување и употреба на учебникот, Министерството објавува каталог на одобрени учебници за употреба на веб страницата на Министерството.

(11) Каталогот од ставот (10) на овој член се објавува најдоцна до крајот на март во тековната година.

Член 113

Министерот може да одобри издавање и употреба најмногу до три ракописи за учебник за еден наставен предмет.

Член 114

(1) Министерот и издавачот на учебници, односно авторот потпишуваат договор за издавање на одобрените учебници во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски.

(2) Ако издавачот на учебник, односно авторот на конкурсот понудил дополнителна литература согласно со членот 110 став (2) од овој закон, истата е должен да ја издаде бесплатно во печатена или во електронска форма.

(3) Ако издавачот, односно авторот не го издаде учебникот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на договорот од ставот (1) на овој член или издавачот, односно авторот се откаже од правото да го издаде учебникот, министерот го раскинува договорот и склучува договор со друг издавач, односно автор кој конкурирал на конкурсот.

Член 115

Учебникот и детските списанија не смеат да содржат рекламни пораки и огласи.

Член 116

(1) Министерството може да партиципира во издавањето на малотиражните учебници.

(2) Малотиражни учебници се оние кои имаат тираж најмногу до 500 примероци.

Член 117

(1) Одлука за изборот на учебниците од каталогот на одобрени учебници кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година донесува наставничкиот совет на училиштето по предлог на стручните активи на одделенските, предметните наставници и претставниците на родителите на учениците.

(2) Одлуката за избор на учебници од ставот (1) на овој член не може да се менува во текот на учебната година.

(3) За изборот на учебниците кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година училиштето е должно писмено на огласната табла во училиштето да ги извести учениците и нивните родители, како и Државниот просветен инспекторат, до крајот на јуни во тековната година.

Член 118

(1) По исклучок, од членот 109 став (1) на овој закон, доколку се менува, односно дополнува содржината на учебникот помалку од 30%, издавачот на учебникот, односно авторот може да поднесе барање до Педагошката служба за одобрение на измени на учебникот.

(2) Министерот може да даде одобрение за измена на учебникот по претходно добиено позитивно мислење од Бирото и стручно вреднување од рецензионата комисија.

Член 119

Авторот е должен учебникот од македонски јазик да го преведе и издаде на јазикот и писмото на припадниците на заедниците кои истиот ќе го користат, во рок од еден месец по приемот на решението за одобрување на учебникот за употреба.

Член 120

Издавачот, односно авторот е должен:

- да го издаде учебникот врз основа на ракописот што е одобрен,
- печатењето на одобрениот учебник и обезбедувањето на неговата достапност до книжарската мрежа да го заврши најдоцна еден месец пред почетокот на учебната година,
- да се придржува до цената на учебникот утврдена во конкурсот и
- од секое издание на учебникот да достави по два примерока до Министерството, Педагошката служба и Бирото и пет примероци до Народната и универзитетска библиотека "Свети Климент Охридски" - Скопје.

Член 121

На учебникот се отпечатуваат следниве податоци:
- име и презиме на авторот или авторите на учебникот,
- име и презиме на илустраторот,
- име и презиме на преведувачот и податоци за издавачот, ако учебникот е преведен,
- име и презиме на рецензентите,
- име и презиме на јазичниот лектор,
- име и презиме на уредникот,
- назив на седиштето на издавачката организација,
- назив и седиште на печатарската организација,
- тираж на учебникот,
- малопродажната цена на учебникот,
- бројот и датумот на решението на министерот со кое се одобрува учебникот за употреба и
- ЦИП Каталогизација во публикација на Народната и универзитетска библиотека "Свети Климент Охридски" - Скопје.

Член 122

(1) За оценување на квалитетот на одобрен учебник министерот формира комисија составена од седум члена од кои по два члена од Министерството, два члена од редот на истакнати наставници и по еден член советник од Бирото од областа за која е наменет учебникот, Државниот просветен инспекторат и наставник од соодветен факултет.

(2) По предлог од комисијата од ставот (1) на овој член, министерот може да повлече од употреба одобрен учебник.

Член 123

(1) Министерството, по предлог на комисија формирана од министерот, дава согласност за употреба на стручна литература и детски списанија во основното училиште, по претходно мислење од Бирото.

(2) Во основното училиште се забранува продажба на учебници, списанија и друга литература.

## X. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 1. Орган на управување на основно училиште

Член 124

(1) Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор.

(2) Училишниот одбор на основното училиште е составен од девет члена, и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, двајца претставници од основачот и еден претставник од Министерството.

(3) Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

(4) Училишниот одбор од редот на своите членови избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

(5) Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 125

(1) Наставниците, стручните соработници и воспитувачите во основното училиште своите претставници во училишниот одбор ги избираат непосредно и тајно.

(2) Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училишниот одбор ги избира наставнижкиот совет.

(3) Претставниците на родителите ги избира Советот на родителите непосредно и тајно.

(4) Постапката за избор на претставниците на вработените на основното училиште и родителите во училишниот одбор на училиштето се утврдува со статутот на училиштето.

Член 126

(1) Училишниот одбор на основното училиште: -
донесува статут на основното училиште,

- предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината,
- донесува програма за развој на училиштето,
- донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми, -
предлага финансиски план до основачот,
- предлага завршна сметка до основачот,
- објавува јавен оглас за избор на директор на основно училиште, -
врши интервју со кандидатите за директор,
- предлага на градоначалникот на општината еден, односно двајца кандидати од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор,
- дава мислење до директорот за избор на наставниците, стручните соработници и воспитувачите,
- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 96 став (1) на овој закон,
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште, -
одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и -
врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

(2) Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.



www.pravdiko.com

Член 127

(1) Ако Државниот просветен инспекторат оцени дека во училиштето битно е нарушен воспитно-образовниот процес, врши вонредна интегрална евалуација и го задолжува училиштето причините за нарушувањето да ги отстрани во рок од една година од денот на добивањето на извештајот за извршената интегрална евалуација.

(2) Ако причините за нарушувањето на воспитно-образовниот процес училиштето не ги отстрани во рок од една година од денот на добивањето на извештајот од ставот (1) на овој член, во училиштето се врши екстерно проверување и оценување на напредокот и постигнувањата на учениците.

(3) Ако по извршеното екстерно проверување и оценување од ставот (2) на овој член се утврди дека знаењето на учениците е под образовните стандарди, Државниот просветен инспекторат на основачот на основното училиште му предлага разрешување на сите членови на училишниот одбор и на директорот на училиштето.

(4) Основачот во случаите утврдени во ставот (3) на овој член е должен да постапи во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот и веднаш да ја започне постапката за именување нов училишен одбор и вршител на должноста директор на училиштето.

(5) Доколку основачот не постапи согласно со ставот (4) на овој член, Министерството по право на надзор, а за обезбедување вршење на дејноста ги разрешува членовите на училишниот одбор и веднаш именува нов училишен одбор и вршител на должноста директор со мандат најмногу до една година.

(6) Барање за вонредна интегрална евалуација и екстерно проверување и оценување на напредокот и постигањата на учениците до Државниот просветен инспекторат можат да поднесат до советот на општината, градоначалникот или советот на родителите.

(7) Трошоците за екстерното проверување и оценување на напредокот и постигнувањата на учениците се на товар на барателот.

## 2. Орган на раководење на основно училиште

Член 128

(1) Орган на раководење во основното училиште е директорот.

(2) Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

(3) За директор на основно училиште може да се избира лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор.

(4) По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(5) Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот (4) на овој член, му престанува мандатот на директор.

(6) Мандатот на директорот трае четири години, со можност за уште еден мандат.

Член 129

(1) Оспособување на кандидати за директори на основните училишта и полагањето на испитот по успешно завршената обука го врши Државниот испитен центар, согласно со закон.

(2) Програмата за подготвување и полагање испит за директори и начинот на спроведувањето на испитот ги пропишува министерот на предлог на Државниот испитен центар.



www.pravdiko.com

(3) На кандидатот кој го положил испитот за директор му се издава уверение.

(4) Формата и содржината на уверението за положен испит за директор на основно училиште ги пропишува министерот.

Член 130

Директорот ги врши следниве работи:

- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење, - ја организира, планира и ја води работата на основното училиште,
- подготвува програма за развој на училиштето,
- подготвува предлог на годишна програма за работа,
- е одговорен за реализација на годишната програма за работа,
- е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците,
- врши избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и актите на училиштето,
- врши распоредување на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар,
- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и колективен договор,
- поттикнува стручно оспособување и усовршување на наставниците, стручните соработници и воспитувачи,
- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработнициприправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часови во наставата и ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува,
- ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници, - се грижи за соработката со родителите,
- ги известува родителите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците,
- одлучува за воспитните мерки,
- ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците,
- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,
- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето, - одлучува за склучување договори за работните односи,
- покренува постапка за дисциплинската одговорност на наставниците, стручните соработници и воспитувачи,
- се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината и - врши други работи согласно со закон и статутот на училиштето.

Член 131

(1) Во основното училиште може да се именува помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи.

(2) За помошник на директорот може да се именува лице кое ги исполнува условите за наставник, односно стручен работник на основното училиште и има три години работно искуство во областа на образованието и е од редот на вработените во училиштето.

(3) Помошникот на директорот го именува и разрешува директорот по предлог на училишниот одбор.

(4) Помошникот на директорот ги врши работите за кои писмено го овластил директорот и го заменува во негова отсутност.



www.pravdiko.com

(5) Ако во училиштето нема помошник на директорот, директорот за извршување на одделни задачи од својата надлежност и за замена во времето на отсутност, може да овласти наставник или стручен соработник од основното училиште кој ќе го заменува.

Член 132

(1) Директорот на општинско основно училиште го избира и разрешува градоначалникот по предлог на училишниот одбор на основното училиште.

(2) Директорот на државно основно училиште го избира и разрешува министерот по предлог на училишниот одбор на основното училиште.

(3) Градоначалникот, односно министерот три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас за избор на директор.

(4) Ако градоначалникот, односно министерот не постапи во рокот утврден во ставот (3) од овој член, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор.

(5) Во јавниот оглас на јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

(6) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи до училишниот одбор на училиштето. Кандидатите кон пријавата мораат да приложат програма за работа за период од четири години.

(7) Пристигнатите документи ги прегледува комисија составен од три члена, избрана од училишниот одбор чија надлежност се утврдува со статутот на училиштето.

(8) Комисијата од ставот (7) на овој член е должна во рок од пет дена по завршувањето на јавниот оглас да ги разгледа пристигнатите документи.

(9) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во јавниот оглас им се враќаат документите со образложение во рок од три дена од денот на разгледувањето на истите.

(10) Училишниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно со одредбите во статутот на училиштето.

(11) Училишниот одбор и претставникот од Бирото вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

(12) Училишниот одбор на општинското основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината му предлага два кандидата за избор на директор, доколку на јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати.

(13) Училишниот одбор на државното основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на министерот му предлага два кандидата за избор на директор, доколку на јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати.

(14) Градоначалникот, односно министерот во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот избира еден кандидат за директор за основно училиште.

(15) Ако градоначалникот во рокот утврден во ставот (14) од овој член не избере директор, изборот го врши министерот.

(16) Кандидатите кои не се избрани во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

(17) Против одлуката на комисијата од ставот (16) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Член 133

(1) На директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако: - тоа сам го побара,

- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор и - ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот на основното училиште се разрешува пред истекот на мандатот, ако:

- направи повреда на одредбите на законите или други прописи и акти, утврдени од Државниот просветен инспекторат,

- не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовната работа,

- по негова вина е нанесена штета на учениците, на нивните родители или на училиштето,

- дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со наставниот план и програмите,

- три години во текот на неговиот мандат најмалку 10% од наставниците вработени во училиштето се на листата од членот 97 став (4) на овој закон и

- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето.

Член 134

(1) Ако постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно со одредбите од членот 132 став (2) на овој закон, училишниот одбор свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

(2) Директорот има право во рок од седум дена од денот на приемот на заклучокот од ставот (1) на овој член, писмено да се изјасни за наводите во заклучокот.

(3) Ако училишниот одбор не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставник од Државниот просветен инспекторат врши интервјуирање на директорот. Претставникот од Државниот просветен инспекторат дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот.

(4) Ако училишниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од седум дена доставува предлог за разрешување на директорот на општинското основно училиште до градоначалникот, односно на директорот на државното основно училиште до министерот.

(5) Градоначалникот, односно министерот е должен во рок од седум дена од денот на добивањето на предлогот од училишниот одбор да го разреши директорот.

(6) Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, односно министерот има право на жалба во однос на спроведување на постапката за разрешување до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

(7) Против одлуката на Комисијата од ставот (6) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Член 135

(1) Градоначалникот, односно министерот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.

(2) Градоначалникот, односно министерот во рок од пет дена од денот на именување на вршител на должноста на директор донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.

(3) Вршител на должноста директор се именува и во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот.



www.pravdiko.com

(4) Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

(5) Исто лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

Член 136

(1) Државниот просветен инспекторат, по утврдувањето на потешките повреди во работењето согласно со членот 133 став (2) од овој закон, до директорот на основното училиште доставува извештај со предлог на мерки, по кои директорот треба да постапи во рок од 30 дена од денот на добивањето на извештајот.

(2) Ако директорот на училиштето не постапи во рокот утврден во ставот (1) на овој член, Државниот просветен инспектор доставува до училишниот одбор решение за извршување на предлогот на мерките. Рокот за извршување на решението е 30 дена од денот на неговото добивање.

(3) Ако училишниот одбор не постапи по решението за извршување на предлогот на мерките, Државниот просветен инспекторат го доставува решението до градоначалникот и основачот на основното училиште, а за државното основно училиште до министерот и основачот на основното училиште.

(4) Градоначалникот, односно министерот во рок од 30 дена од денот на добивањето на решението за извршување на предлогот на мерките е должен да го разреши директорот на училиштето, а основачот училишниот одбор.

(5) Ако градоначалникот не го разреши директорот, а основачот училишниот одбор во рокот од ставот (4) на овој член, Министерството по право на надзор ги разрешува директорот и членовите на училишниот одбор на основното училиште.

(6) Министерството веднаш, по право на надзор именува вршител на должноста директор од редот на вработените во училиштето, кој ги врши работите најдолго шест месеца и именува членови на училишниот одбор со мандат од најмногу една година.

Член 137

Директорот кој повторно не е именуван на јавен оглас или му престанал мандатот се распоредува на работно место соодветно на неговата стручна подготовка во училишта на подрачјето на општината и во градот Скопје.

Член 138

Подрачното основно училиште го води раководител на подрачно училиште што го именува и разрешува директорот од редот на наставниците на подрачното основно училиште.

## 3. Стручни органи на основното училиште

Член 139

Стручни органи на основното училиште се наставничкиот совет на основното училиште, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, одделенскиот раководител, раководителот на паралелката и стручните активи на наставниците.

Член 140

(1) Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

(2) Наставничкиот совет на основното училиште:

-дава мислења по предлогот на прогамата за развој и на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување,

- го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи,

- им одобрува на учениците побрзо напредување во основното училиште,

- го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување,

- донесува одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки,

- го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки,

- расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа,

- дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето,

- избира претставници во училишниот одбор,

- дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето,

- дава предлози за напредување на наставниците и стручните соработници на училиштето,

- одлучува за воспитни мерки и

- врши и други работи утврдени во статутот на училиштето.

Член 141

(1) Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето.

(2) Советот на одделенските наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, односно за учениците кои потешко напредуваат, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Член 142

(1) Советот на предметните наставници го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници на училиштето.

(2) Советот на предметните наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Член 143

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката ја остварува програмата за часот на одделенската заедница, ги анализира воспитните и наставните резултати на одделението, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, соработува со родителите и стручните соработници на училиштето, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Член 144

(1) Стручните активи на наставниците ги сочинуваат наставници кои предаваат ист предмет или подрачје.



www.pravdiko.com

(2) Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во основното училиште, расправаат за забелешките на родителите, учениците и вршат други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

**4. Совет на родители**

Член 145

(1) За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира совет на родители на училиштето.

(2) Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката.

(3) Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето.

(4) Советот на родители:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа,
- расправа за извештајот за работата на училиштето,
- предлага програми за подобрување на стандардите за наставата,
- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди, - разгледува жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа,
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

XI. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ
НА НАСТАВАТА

Член 146

За обезбедување на квалитет на наставата училишниот одбор на секои пет години донесува програма за развој на училиштето, во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и мислењата од советодавната и стручната помош од Бирото.

Член 147

(1) На секои три години за реализација на програмите од членот 146 на овој закон училиштето врши самоевалуација.

(2) Самоевалуација се спроведува на крајот на секоја трета учебна година.

(3) Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор.

(4) Самоевалуацијата ги опфаќа особено следниве области: - организација и реализација на наставата и учењето,

- постигањата на учениците,
- професионален развој на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и на раководниот кадар,
- управување и раководење,
- комуникации и односи со јавноста,
- училишната клима и култура и
- соработката со родителите и со локалната средина.

(5) Комисијата од ставот (3) на овој член изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Училишниот одбор и директорот треба да постапат по предлогот на мерките на комисијата.

Член 148

Резултатите од самоевалуацијата на основните училишта се објавуваат на веб страницата на училиштето и на општината.

Член 149

Начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата на основните училишта ги пропишува министерот.

## XII. НОСТРИФИКАЦИЈА И ЕКВИВАЛЕНЦИЈА НА СВИДЕТЕЛСТВА СТЕКНАТИ ВО СТРАНСТВО

Член 150

(1) Државјанин на Република Македонија кој во странство завршил основно образование или завршил одделно одделение од основното воспитание и образование, има право да бара признавање на свидетелството, односно нострификација или признавање на еквиваленција во согласност со овој закон, доколку со меѓународните договори поинаку не е одредено.

(2) Странски државјани и лице без државјанство имаат право да бараат нострификација или признавање на еквиваленција на свидетелството стекнато во странство.

Член 151

(1) Со нострификација се врши признавање на свидетелството стекнато во странство во целина во поглед на правата што му припаѓаат на имателот на свидетелството за продолжување на образованието.

(2) Со еквиваленција се врши изедначување на свидетелството стекнато во странство со соодветното свидетелство стекнато во Република Македонија.

(3) Нострификацијата, односно признавањето на еквиваленција на свидетелство стекнато во странство ја врши Министерството.

Член 152

Со нострификација и со признавање на еквиваленција свидетелството стекнато во странство се изедначува со соодветното свидетелство стекнато во Република Македонија во целина во поглед на правата што му припаѓаат на имателот за продолжување на образованието.

Член 153

Во постапката за нострификација и признавање на еквиваленција на свидетелството стекнато во странство, односно нивна еквиваленција се зема предвид:

- системот на образование во државата во која свидетелството е стекнато,
- траењето на образованието,
- наставниот план и програми,
- правата што свидетелството ги дава на имателот во земјата каде што е стекнато и - други работи од значење за нострификација и еквиваленција.

Член 154

Ако во постапката за нострификација, односно еквиваленција се утврди дека наставниот план и програмите битно отстапуваат од наставниот план и програмите во Република Македонија со кого се споредува, нострификацијата се условува со полагање предмети.

Член 155

(1) Кон барањето за нострификација и признавање на еквиваленција на свидетелството стекнато во странство се доставува оригиналот на свидетелството издаден од верифицирано странско основно училиште, еден примерок на превод извршен од страна на овластен преведувач и заверен кај нотар и две копии од истото. Барателот треба да достави и наставен план и програми по кои ученикот се образувал во странство.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се доставува и доказ за претходно завршено образование и доказ за државјанство.

(3) Министерството може да бара и други докази во заверен превод од кои можат да се видат условите и текот на образованието.

(4) Ако барањето од ставот (1) на овој член не содржи комлетна документација, Комисијата во рок до десет дена од приемот на барањето, го известува писмено лицето да ја достави документацијата која недостасува.

Член 156

(1) Лицето кое поднело барање за нострификација, односно признавање на еквиваленција на свидетелството стекнато во странство, може условно да го посетува наредното одделение, доколку постапката не е завршена до истекот на рокот за упис на учениците во училиште.

(2) Ученикот чие свидетелство врз основа на извршена нострификација, односно признавање на еквиваленција дава право на запишување во пониска година од годината во која условно е запишан, се префрлува во соодветната година и со тоа се поништува условното запишување.

Член 157

(1) Решение за нострификација и решение за признавање на еквиваленција на свидетелството стекнато во странство донесува министерот, по предлог на комисија.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член ја формира министерот и е составена од истакнати стручни лица, со високо образование и со најмалку седум години работно искуство во воспитно-образовната дејност или во орган на државната управа надлежен за работите на образованието.

(3) Повеќе од половината членови на комисијата од ставот (2) на овој член се од воспитно-образовната дејност.

(4) Против решението за одбивање на нострификацијата, односно еквиваленцијата, може да се изјави жалба до Второстепена комисија на Владата на Република Македонија од областа на образованието.

Член 158

Ако министерот не донесе решение во рок од 30 дена од денот кога лицето доставило барање за нострификација, односно еквиваленција со комплетна документација, се смета дека решението е донесено.

Член 159

(1) Надоместокот на трошоците во постапката за нострификација се утврдува врз основа на направените реални трошоци.

(2) Висината на надоместокот на трошоците од ставот (1) на овој член и начинот на распределбата на надоместокот, ги пропишува министерот.

Член 160

Министерството ја чува документацијата од извршената нострификација, односно еквиваленција и за тоа води евиденција.

Член 161

Формата и содржината на обрасците за нострификација, односно еквиваленција и начинот на водење на евиденцијата ги утврдува министерот.

## XIII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 162

(1) Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се распределуваат на општините по пат на блок дотации и наменски дотации согласно со Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

(3) Општината средствата од ставот (2) на овој член ги распределува на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи.

(4) Со уредбите од ставот (2) на овој член се уредува распределбата на средствата од блок дотацијата и од наменската дотација која се врши врз основа на формула и согласно со фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

(5) Формулата од ставот (4) на овој член за распределба на средствата се изведува основно од бројот на учениците во основните училишта на своето подрачје. Врз изведувањето на формулата можат да имаат влијание и други дополнителни показатели.

Член 163

Општината може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата.

Член 164

(1) Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка на основните училишта, општината ги објавува во своето службено гласило.

(2) Министерот утврдува кои податоци ќе бидат објавени.

Член 165

Средствата за финансирање на дејноста на основното образование можат да се обезбедуваат и од други извори (легати, подароци, завештанија и друго), а се користат наменски.



www.pravdiko.com

Член 166

(1) Министерството за средствата за финасирање на основното образование донесува финансов план и програми и годишна пресметка.

(2) Министерството утврдува мерила и критериуми за распоредување на средствата за државните основни училишта.

(3) Советот на општината утврдува мерила и критериуми за распоредување на средства за општинските основни училишта.

(4) Министерството го контролира наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 167

Основните училишта се должни да склучат соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета, за што средства обезбедува основачот.

XIV. НАДЗОР

Член 168

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините, согласно со закон.

Член 169

(1) Кога Министерството ќе смета дека статутот или друг акт на основното училиште не е во согласност со Уставот и закон има право да го запре од извршување актот до донесување на одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

(2) Ако Министерството во вршење на надзорот од членот 168 став (1) на овој закон, утврди дека основното училиште издало свидетелство спротивно на одредбите на овој закон донесува решение за нивно поништување што се објавува во средствата за јавно информирање и поднесува пријава до органот за кривично гонење.

Член 170

(1) При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, Министерството ги врши следниве работи:

- ја следи законитоста на работата на органите на општината, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој закон,

- оценува дали органите на општината ги извршуваат надлежностите согласно со овој закон,

- им укажува на органите на општината на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба,

- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината со кои се оневозможува вршењето на работите од областа на основното образование од локално значење,

- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината согласно со овој закон на барање на органите на општината,

- го следи навременото донесување на прописи на општината предвидени со овој закон,

- ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица и презема мерки во согласност со овој закон,

- дава мислење и стручна помош по предлогот на прописите на општината предвидени со овој закон, на барање на органите на општината,

- го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, во остварувањето на нивните надлежности утврдени со закон, а особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните,

- го следи остварувањето на претходниот надзор на прописите на општините и

- навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) алинеи 6 и 7 на овој член, Министерството го информира органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.

Член 171

(1) Ако и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите на општината не го обезбедат извршувањето на работите кои со закон се утврдени како нејзина надлежност и за чие извршување одговорна е општината, по сила на овој закон им се одзема вршењето на сооодветната надлежност.

(2) Вршењето на одземените работи го презема Министерството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

(3) Министерството одземените работи од надлежност на општината ги врши во име и за сметка на општината.

(4) За одземањето на работите од ставот (1) на овој член се известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

## XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 172

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на основното училиште, ако:

- во основното училиште се врши дискриминација (член 2 став (2)),

- воспитно-образовната работа не се изведува согласно со членот 9 од овој закон,

- се организира политичко и верско организирање и дејствување и се истакнуваат партиски и верски обележја (член 11),

- името на основното училиште е испишано спротивно на членот 14 од овој закон,

- отпочне со работа пред утврдување на исполнувањето на условите за почеток со работа и пред донесување на решение за верификација (член 19 став (2)),

- се организира подрачно училиште без одлука на основачот и претходно позитивно мислење од министерот (член 20 став (2)),

- задолжителните и изборните предмети за учениците со посебни образовни потреби се реализираат спротивно на членот 30 став (2) од овој закон,

- не го организира прифаќањето и заштитата, како и продолжен престој на учениците (член 33 ставови (1) и (2)),

- годишната програма за работа не ја достави до основачот, Бирото и Државниот просветен инспекторат во определениот рок (член 35 ставови (4) и (7)),



www.pravdiko.com

- не ги запознае учениците и родителите преку брошура со одделни делови од програмата за работа, правата и должностите на учениците и организацијата на работата во училиштето (член 36),

- не го оствари вкупниот број наставни денови (член 38 став (2)),

- ја прекине воспитно-образовната работа спротивно на членот 38 став (6) од овој закон,

- организира паралелка со помалку од 24 ученици без добиена согласност од основачот (член 41 став (5)),

- организира комбинирана паралелка без добиена согласност од основачот (член 41 став (7)),

- основното училиште навреме не организира и изврши запишување на учениците (член 46 став (1)),

- не ги опфати учениците од својот реон (член 46 став (2)),

- запише ученици од друг реон или друга општина без да има слободни места (член 46 став (3)),

- не го извести овластениот просветен инспектор на општината за децата кои не се запишани односно кои неоправдано не го посетуваат училиштето повеќе од 30 дена (член 52),

- се врши телесно и психичко малтретирање на ученикот (член 53),

- професионалното усовршување се остварува преку неакредитирани програми (член 91 став (3)),

- не се води или се води и издава педагошката документација спротивно на членовите 99 и 100 од овој закон,

- издаде јавни исправи спротивно на овој закон (член 101 став (2)),

- употреби учебници што не се одобрени од министерот (член 112 став (7)),

- постапи спротивно на членот 117 ставови (1), (2) и (3) од овој закон,

- не спречи продажба на учебници, списанија и друга литература од вработените и други лица во основните училишта ( член 123 став (2)),

- постапи спротивно на членот 126 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон,

- не склучи соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета (член 167) и

- не овозможи вршење на надзор над законитоста и инспекциски надзор (член 168).

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на директорот на основното училиште, ако:

- изврши избор на наставници и стручни соработници спротивно на одредбите на членовите 80, 82 и 84 од овој закон,

- постапи спротивно на членот 85 ставови (6), (7), (8) и (9) од овој закон и

- на наставникот не му издаде ново решение за работното време (член 95 став (2)).

(3) Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот, ако:

- врши телесно и психичко малтретирање на ученикот (член 53),

- како одделенски наставник, односно раководител на паралелката не го извести родителот за успехот на ученикот најмалку двапати во секое полугодие (член 67),

- како одделенски, односно раководител на паралелката годишните оценки на родителите не ги соопшти на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуват годишните оценки на учениците (член 72 став (1)),

- како ментор не изработи програма и извештај од членот 85 став (8) на овој закон,

-не ја планира наставата во писмена или електронска форма (член 86 став (2) алинеја 1),

- не ја води педагошката документација или ја води и издава спротивно на членовите 99 и 100 од овој закон;

- издаде јавни исправи спротивно на овој закон (член 101 став (2)),

- употреби учебници што не се одобрени од министерот (член 112 став (7)) и
- врши продажба на учебници, списанија и друга литература во основните училишта (член 123 став (2)).

(4) Глоба во износ од 400 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот, ако:

- не му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание (член 5) и
- ученикот не е запишан во рокот утврден во членот 47 став (1) од овој закон.

Член 173

Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции е надлежниот суд.

Член 174

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка, за прекршоците предвидени во овој закон, Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори водат постапка за порамнување согласно со Законот за порамнување.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 175

(1) Основното училиште во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ја усогласува својата организација, работа, статут и другите акти со овој закон.

(2) До донесувањето на актите од ставот (1) на овој член се применуваат постојните акти на основното училиште доколку не се во несогласност со овој и друг закон.

Член 176

(1) Подзаконските акти предвидени во овој закон, министерот ќе ги донесе во рок од една година од денот на неговото влегување во сила, освен актите предвидени во членот 129 од овој закон, кои министерот ќе ги донесе во рок од три месеца по основањето на Државниот испитен центар, како и прописот од членот 71 став (6) на овој закон кој министерот ќе го донесе до 31 декември 2008 година.

(2) До донесувањето на актите од членот 129 на овој закон ќе се применува Правилникот за постапката и начинот на полагањето на испитот за директор на основното училиште, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор (“Службен весник на Република Македонија” број 36/2005).

Член 177

До донесување на актите предвидени со овој закон ќе се применуваат постојните акти.

Член 178

Постапките кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 63/2004, 82/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006, 70/2006 и 51/2007).

Член 179

(1) Учениците кои се запишале во основно училиште пред учебната 2006/2007 година го продолжуваат образованието според наставниот план и програмите за основно осмогодишно образование до завршување на нивното основно образование.

(2) Учениците кои во учебната 2006/2007 година посетувале подготвителна година во учебната 2008/2009 година го продолжуваат образованието во трето одделение според наставниот план и програмите за деветгодишно основно образование.

Член 180

Учениците запишани во основното училиште заклучно со учебната 2006/2007 година ќе се оценуваат со бројчани оценки од четврто до осмо одделение од осумгодишното основно образование до завршувањето на основното образование.

Член 181

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство над десет години во наставата продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати.

(2) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, наставниците со вишо образование во основните училишта со работно искуство до десет години во настава продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати, до стекнување со соодветно високо образование.

(3) Наставниците од ставот (2) на овој член се должни да се стекнат со соодветно високо образование најдоцна за четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон, во спротивно им престанува работниот однос.

Член 182

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, наставниците кои изведуваат настава во посебни основни училишта и паралелки во основните училишта со работно искуство над 20 години во настава продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати.

(2) Наставниците кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член се должни да се стекнат со соодветно образование најдоцна за две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 183

Одредбите од членот 8 на овој закон ќе се применуваат од 2012 година.

Член 184

Директорите на основните училишта именувани пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кои се именувани.

Член 185

(1) Нострификација, односно еквиваленција на свидетелство извршено во републиките и автономните покраини на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија до 1 септември 1991 година, има иста вредност на територијата на Република Македонија.

(2) Свидетелствата на лицата кои го стекнале образованието во поранешните републики, односно држави на Социјалистичка Федеративна Република Југославија до 1 септември 1995 година се признаваат без спроведување постапка за нострификација.

Член 186

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух “Кочо Рацин” - Битола, Посебното основно училиште “Иднина” - Скопје, Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми - Скопје, Јавната



www.pravdiko.com

установа - Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, Јавната установа - Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "Ранка Милановиќ" - Скопје, Посебното училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток "Д-р Златан Сремец" - Скопје, Јавната установа - Завод за заштита и рехабилитација "Бања Банско" - Струмица, Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно - образовни потреби "Св. Климент Охридски" - Ново Село и Посебното основно училиште со ученички дом "Маца Ѓорѓиева Овчарова" - Велес на кои не се пренесени основачките права на општината, продолжуваат со работа како државни основни училишта, согласно со одредбите на овој закон.

Член 187

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 63/2004, 82/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006, 70/2006 и 51/2007).

Член 188

(1) Одредбата на членот 26 од овој закон ќе отпочне да се применува од 1 септември 2008 година.

(2) Одредбите на членовите 43 и 44 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 септември 2012 година.

(3) Одредбата на членот 85 став (7) од овој закон ќе отпочне да се применува со денот на влегувањето во сила на актот од членот 85 став (13) на овој закон.

(4) Одредбите на членот 92 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 189

Со денот на основањето на Државниот испитен центар, стандардизираните тестови од членот 71 став (3) на овој закон кои ги изготвува Бирото, продолжува да ги изготвува Државниот испитен центар.

Член 190

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.com